Врз основа член 65 од Статутот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 425, 28 јуни 2019), член 47 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 454, 16 октомври 2019), член 3 и член 4 од Одлуката за распишување избори за претседател и членови на Факултетско студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и член 10 од Правилата за избор на претседател и претставници на Факултетско студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Изборната комисија на ден 14.11.2019 година го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

## За именување на членови и заменици членови на избирачки одбори за спроведување на постапката на гласањето за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

1. Се именуваат **членови и заменици на избирачки одбори** за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во следниот состав:

**Гласачко место број 1**

1. Доц. д-р Есин Кранли Бајрам, член на избирачки одбор
2. Доц. д-р Марко Кртолица, заменик член на избирачки одбор
3. Марко Гулевски, студент, член на избирачки одбор
4. Дамјан Темелкоски, студент, член на избирачки одбор

**Гласачко место број 2**

1. Проф. д-р Јован Зафироски, член на избирачки одбор
2. Доц. д-р Илија Руменов, заменик член на избирачки одбор
3. Софија Илиевска, студент, член на избирачки одбор
4. Марија Делева, студент, член на избирачки одбор

**Гласачко место број 3**

1. Проф. д-р Бобан Мисоски, член на избирачки одбор
2. Доц. д-р Вангел Докоски, заменик член на избирачки одбор
3. Елена Ристеска, студент, член на избирачки одбор
4. Лазар Трајковиќ, член на избирачки одбор

2. Изборите за претседател и ченови на Факултетско студентско собрание ќе се одржат на ден **28.11.2019 година (четврток)**, во Аулата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во период **од 8:30 часот до 16:30 часот**.

3. **Членовите на избирачките одбори** од редот на наставниците/соработниците на Факултетот треба да бидат присутни во периодот од **08:00 часот до 13:30 часот**. **Заменициите членови на избирачкиот одбор** од редот на наставниците/соработниците на Факултетот треба да бидат присутни во периодот **од 13:30 часот до утврдувањето на резултатите од гласањето на избирачкото место. Членовите на избирачкиот одбор од редот на студентите** треба да бидат присутни во периодот **од 08:00 часот до утврдувањето на резултатите од гласањето на избирачкото место**.

4. Избирачките одбори од член 1 на ова Решение го спроведуваат гласањето за избор на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во согласност со Правилата.

Избирачкиот одбор:

- обезбедува правилност и тајност на гласањето;
- обезбедува слободно и мирно одржување на гласањето;
- го прима изборниот материјал за избирачкото место;
- ги сумира и утврдува резултатите од гласањето на избирачкото место во присуство на членовите на Изборната комисија;
- составува записник за гласањето на избирачкото место и за резултатите од гласањето на избирачкото место;
- го собира и предава изборниот материјал на избирачкото место на Изборната комисија;
- врши други работи поврзани со спроведување на гласањето.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а задолжително се објавува на интернет страницата на Факултетот.

6. Решението се доставува до секој член и заменик член на избирачките одбори и до Архивата на факултетот.

**Изборна комисија:**

**Проф. д-р Јелена Трајковска-Христовска, с.р.**

**Асс. д-р Денис Прешова, с.р.**

**Тамара Глушкина, студент, с.р.**

**Панче Патоски, студент, с.р.**

**Филип Ѓоршевски, студент, с.р.**